При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул. "Љубо Божиновски – Пиш" 66
Република Северна Македонија
Rr. "Ljubo Bozhinovski - Pish" po
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mk
Tetovo@dzs.gov.mk

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

6. НЕЕКСПЛОДИРНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА (НУС)

Да се предвидува мерката : неексплодирни убојни средства (НУС) согласно согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува планската документација, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст ("Сл. Весник на РМ "бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така при проектирањето да ги имате во предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 231/2020), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Предвидените мерки потребно е да се елаборират во текстуалниот дел и да се приложаат во графичкиот дел , не само да се препишаат од издадените Услови за заштита и спасување.

Откако ќе ги вградите условите за заштита и спасување потребно е да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување –Подрачно одделение за заштита и спасување –Тетово, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување преку информацискиот систем Е-Урбанизам .

Изработил: Natmir Selmani

РАКОВОДИТЕЛ

Arif Arifi

Arif
Arifi

Digitally signed by Arif Arifi
Date: 2024.08.05 14:13:12 +02'00'

Доставено до :
-насловот
-архива

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул. "Љубо Божиновски – Пиш" 66
Република Северна Македонија
Rr. "Ljubo Bozhinovski - Pish" po
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mk
Tetovo@dzs.gov.mk

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW (ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КОИ СЕ ГРАДАТ НА ЗЕМЈИШТЕ) НА КП.432, КО. Долна Лешница, Општина Желино

А – ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW (ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КОИ СЕ ГРАДАТ НА ЗЕМЈИШТЕ) НА КП.432, КО. Долна Лешница, Општина Желино, се работи согласно **член 58 став 6**, од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24). Согласно **член 58** од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план,** се изработува за поединачни градби, комплекси на градби и инфраструктури од државно и локално значење шумско и друго земјиште крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање.

Предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се сопственици на катастарски парцели бр. 432, КО. Долна Лешница , кои парцели се предмет на проектниот опфат. Катастарски парцели се неизградено земјиште, на земјиштето не постојат изградени објекти.
Согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Ажурирана геодетска подлога изработена од ГЕОДЕЗИС доо од Тетово , со заверка на елаборат – 1-89/3 од 26. 02. 2024 година и заверка во АКН Скопје со број 1110-59/2024 од 26.02.2024 година каде граница на проектен опфат изнесува 39519.68м² (3,95ха) и е со следни координанти:

Граница на плански опфат: 39519.68 м²
Обиколка: 778.11м'

1.X=7505795.8100 Y=4646128.1000
2.X=7505766.9100 Y=4646153.7400
3.X=7505758.4100 Y=4646161.2100
4.X=7505742.3300 Y=4646177.5400
5.X=7505714.1000 Y=4646197.5800
6.X=7505682.2800 Y=4646208.0300
7.X=7505647.7000 Y=4646202.3800
8.X=7505623.0100 Y=4646190.4700
9.X=7505583.9500 Y=4646161.5500
10.X=7505557.1100 Y=4646140.1800
11.X=7505539.0800 Y=4646109.5700
12.X=7505537.1800 Y=4646102.0400
13.X=7505535.4200 Y=4646087.0800
14.X=7505534.5300 Y=4646047.1200

15.X=7505528.3400 Y=4646014.2600
16.X=7505525.6200 Y=4646000.3100
17.X=7505528.7700 Y=4645982.0700
18.X=7505547.4300 Y=4645981.4400
19.X=7505566.2200 Y=4645985.8900
20.X=7505587.2200 Y=4645998.4900

Во рамките на проектниот опфат влегува следната катастарска парцела на КП.432, КО. Долна Лешница – ОПШТИНА ЖЕЛИНО.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- Од запад граничи со КП. 261, КО. Долна Лешница
- Од север граничи со КП. 213, КО. Долна Лешница
- Од исток граничи со КП. 433, КО. Долна Лешница
- Од југ граничи со КП . 429, КО. Долна Лешница

***Пристапот во парцелата е преку пристниот (општински) пат

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА ДОКОЛКУ ТАКОВ ПОСТОИ

Подрачје на предметниот проектен опфат и неговата непосредна околина не е урбанизирано земјиште, ниту пак било предмет на урбанизација. Поради тоа за истиот предмет, за КП. 432, КО. Долна Лешница, се обезбедени Услови за планирање со тех. Бр. Y13524 од Мај 2024 и Решение за истите со број УП1-15 1121/2024 од 07.06.2024 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање - Скопје

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на објекти со намена Е1.13 – површински соларни фотоволтаични електрани со моќност до 10MW (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП. 432, КО. Долна Лешница – Општина Желино. Во рамките на проектниот опфат се предвидуваат и компатибилни класи на намена - Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трансформаторска станица).
Површината на проектниот опфат изнесува П=39519,68м^2.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во "Просторниот план на Република Македонија". **Планирана моќност на површински соларни и фотоволтаични електрани е до 10MW и повеќе во зависност од можност за прифаќање и дистрибуирање на електрична енергија во договор со надлежна институција. При изработката на предметната документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:**

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на

производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

- Поставувањето на соларни и фотоволтаични електрани фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Долна Лешница, Општина Желино, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиотземјоделскиот стопански реон со 14 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија за производство на електрична енергија, како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал на водите, како обновливи ресурси, ќе придонесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во регионот во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

Опфатот на површинските соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче. При изработката на планската документација и во текот на функционирањето на електраните да се почитува „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (Сл.весник на РСМ, бр. 3/21).

Мерките според член 11 од Службен весник на РСМ бр. 3/21 за третата заштината зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) не треба да се врши:

- испуштање на непрочистени отпадни води, нафта и нафтени деривати, киселини и други штетни, опасни радиоактивни материи;
- депонирање на отпад, надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- било какви индустриски, хемиски, металуршки и рударски депонии на опасен и штетен отпад;
- складирање на радиоактивни материи;

- нерегулиран транспорт и нерегуларно складирање на: киселини, масла, отровни, опасни, штетни материи;
- изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- неконтролирана сеча на шуми;
- изградба на индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, освен со примена на посебни-строги мерки на заштита, исполнување на посебни услови и доколку со стручна експертиза се докаже дека нема да има штетно влијание врз квалитетот на подземните води согласно прописите од животна средина и прописите за безбедност и квалитет на вода за пиење;

Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци во третата заштитна зона се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти.

Во трета заштитна зона не треба да се вршат и други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се грдат на земјиште), КО Долна Лешница, Општина Желино, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи избори на енергијат ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електричната енергија и емисиите на стаклени гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- Планскиот опфат наменет за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО. Долна Лешница, Општина Желино, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- Планскиот опфат наменет за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО. Долна Лешница, Општина Желино, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- Планскиот опфат наменет за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО. Мршевци, Општина Илинден, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се

обезбедуваат основи врз кои може да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани на, КО. Долна Лешница, Општина Желино, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

- Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во група на регионални патишта " Р1" и е со ознака :

Р1206 - (Клучка Матка –врска со А2 – Групчин – Тетово-Боговиње-Врапчиште – Гостивар – врска со А2).

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата со намена за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО. Долна Лешница, Општина Желино, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани(фотонапонски панели за производтсво на електрична енергијакои се градат на земјиште), КО. Долна Лешница, Општина Желино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на

рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото- напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО. Долна Лешница, Општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Мршевци нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07,18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

Предметната локација за којашто се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Шарско - Полошки туристички регион со 3 туристички зони и 14 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и транзитен коридор. Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО. Долна Лешница, Општина Желино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО. Долна Лешница, Општина Желино, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и др.

- **Географски податоци**

Природни и климатски карактеристики

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопросторната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација се наоѓа северозападно од населено место Групчин на надморска висина од 530 метри.

Теренот каде се наоѓа локацијата е рамен **и се наоѓа во планскиот опфат на "Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска".**

Местоположбата на локацијата е во Полошкото поле - Полог кој претставува најмлада тектонска потолина во нашата земја и е издолжен длабок гребен исполнет со горноплиоценски чакалесто-песокливи и глиновити седименти. Има

разновидни наслаги на кварtарни творби, чија дебелина се движи од 300 метри во Горен Полог до 600 метри во Долен Полог каде се наоѓа предметната локација. Климата во ова подрачје е **о** со релативно
изедначена влажност преку цела година, која изнесува 74й. Маглите се честа појава во есен и зима и просечно годишно има 27 дена. Ветровите се преку цела година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6 м/сек, а честотата е најголема од север со 220‰ и северозапад 76‰ и североисток 90‰. Просечната годишна температура изнесува 10,80С, просечен годишен минимум е 4,90С, а просечен годишен максимум 16,70С. Просечниот мразен период трае 167 дена, а денови со снег има 43. Просечно годишно паѓаат 724,3 мм врнежи, 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.

- **Климатолошки карактеристики**

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација за која се издаваат Условите за планирање на просторот во КО Долна Лешница, Општина Желино, се наоѓа североисточно од населено место Долна Лешница на надморска височина од 550 650 метри.

Климата во ова подрачје е **умерено континентална**, со релативно изедначена влажност преку цела година, која изнесува 74%. Маглите се ретка појава. Ветровите дуваат преку целата година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6m/sek. Честотата е најголема од север со 220‰, северозапад со 76‰ и североисток со 90‰. Просечната годишна температура изнесува 10,8°C, со просечен годишен минимум од 4,9°C и просечен годишен максимум 16.7°C. Мразниот период во просек трае 167 дена, а денови со снег има 43. Овој број на денови е многу поголем со зголемување на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724,3 mm врнежи. Во текот на годината во просек има 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.

Податоците се од мерната станица во **Тетово.**

Полошка Котлина - Се наоѓа меѓу Шар Планина, Буковик, Сува Гора и Жеден. Се протега во правец североисток-југозапад, а е поделена на Горни Полог - гостиварскиот дел и Долни Полог - тетовскиот дел. Котлината зафаќа вкупна површина од 1475km² и се наоѓа на надморска височина меѓу 300 и 2747m. Само рамнинскиот дел зафаќа површина од 33200ha и се простира меѓу 400 и 600m надморска височина, односно има просечна надморска височина од 500m. Полошката котлина е затворена од сите страни, со исклучок кон источниот раб каде по долината на Вардар, низ Дервенската Клисура и прегрaбенската долина, односно Колдрми Богаз комуницира со Скопската Котлина.

Според настанувањето таа е тектонска потолина која во олигомиоценот се спуштила по должината на раседите под Шар Планина и оние под Сува Гора и Жеден. Кон котлинското дно планините се спуштаат со стрмни отсеци.

Појавите на езерски глини кај с. Желино и езерските тераси како Балтепе над Тетово и оние кај Сараќинце и Желино зборуваат за езерската фаза низ која поминала Полошката Котлина. По истекувањето на Полошкото Езеро започнала флувијалната фаза за време на која Вардар го издлабил своето корито. Истовремено своите корита ги издлабиле и неговите шарски притоки, натрупувајќи го речниот нанос во вид на пространи брановидни плавини по целото подножје на Шар Планина.

Основниот почвен тип во Полошката Котлина се делувијалните почви. Тие зафаќаат површина од 24500ha. Генетски тоа се млади почви и секоја година се обновуваат со наноси од пороите и рекичките. Го покриваат целиот западен и северозападен дел од котлинското дно, а на места се протегаат по целата површина на Полог допирајќи се до текот на Вардар. На овој тип почви со голем

успех се одгледуваат овошните дрвја (посебно јаболки), виновата лоза, градинарските култури (посебно пиперки и зелка), житата и тутунот.

Црвениците кои генетски се најстар тип на почва зафаќаат површина од околу 4000ha и се распространети во атарите на селата Здуње, Дебреше, Врапчиште, Долно Палчиште и други. Во североисточниот дел од котлината во атарот на с. Нераште на овој тип почва мошне добро успева и се одгледува тутунот и виновата лоза.

Од двете страни по течението на реката Вардар низ Полошката Котлина, во близина на речното корито се простираат алувијалните почви. Зафаќаат површина од 3620ha и поради излевањето на водата често се пренапластуваат. На овој тип почва успешно се одгледуваат пченка, грав, шеќерна репка, крмни растенија и бели жита.

Во аграрен поглед, Полошката Котлина е поделена на три реони. Првиот ги зафаќа најниските падини на Шар Планина и дел од Полошката рамнина. Се протега на простор од околу 20000ha, а се специјализирал за градинарско производство и овоштарство. Овде се прочуени пиперките од Речица, кромидот од Бањица и гравот од Палчиште. На падините на Шар Планина на надморска височина од 600 до 800m се јавуваат густи природни комплекси на костени и ореви. Вториот реон е изразито рамничарски и се протега низ целата котлина од левата страна на Вардар. Зафаќа површина од околу 11000ha. Тоа е житарско-овоштарски и сточарски реон. Се одгледуваат пченка, пченица, крмни растенија и јаболка. Третиот реон ги зафаќа површините од десната страна на р. Вардар, се до подножјето на Сува Гора и Жеден. Овде обработливите површини се ограничени и зафаќаат околу 2500ha. На нив главно се одгледува тутун и винова лоза.

- **Хидрографски и Хидролошки податоци**

Застапените литолошки членови, кои се регистрирани при истражните работи, според својата хидрогеолошка функција се делат на: хидрогеолошки колектори, хидрогеолошки спроводници и хидрогеолошки изолатори.
Прихранување на подземните води на просторот на локацијата се врши од хипсометриски повисоките делови, а што се однесува до квантитативните карактеристики, теренот припаѓа на средно до добро издашни терени. Според хидродинамичките карактеристики и хидрауличките услови, кои владеат во овој тип на водоносни средини, развиена е издан со слободно ниво на подземните води.
Во групата на хидрогеолошки колектори припаѓаат литолошките единици од седиментите во делот на песоците и чакалите. Коефициентот на филтрација од n x 10-2 ÷n x 10-5m/s. Во групата на хидрогеолошки колектори припаѓаат литолошките единици од седиментите во делот на заглинетите и прашинести песоци и чакали и песокливите глини и прашини, како и муљевити материјали. Коефициентот на филтрација од n x 10- 5 ÷n x 10-7 m/s. Во групата на хидрогеолошки колектори припаѓаат литолошките единици од седиментите во делот на високо пластичните прашини и глини и муљевити материјали. Коефициентот на филтрација од n x 10-7÷n x 10-9 m/s.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ: културно, историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители

Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развој ги опфаќа следниве елементи: културните, историските, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители и други податоци од значење за создадени чинители.
Во граница на проектниот опфат не постојат податоци за создадени вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на употреба на земјиштето во рамки на планскиот опфат.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА: ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат што е предмет на обработка на Урбанистички проект е со површина од 39519.68м² (3,95ха) и зафаќа површина на катастарска парцела КП. 432, КО. Долна Лешница, Општина ЖЕЛИНО. Во граница на проектниот опфат не постојат изградени објекти.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2], на подрачјето на катастарската општина Долна Лешница има евидентиран еден недвижен споменик на културата, додека археолошки локалитети не се евидентирани.
При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ

- **Електрика**

Добиен е допис (допис бр. 10-23/6 - 329 од 08.08.2024 година) за издавање на податоци за електронергетски објекти и инфраструктура од **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје** во кој е наведено дека согласно службената евиденција на ЕВН, на предметна локација нема електрична мрежа во сопственост на ЕВН.
Согласно податоци добиени од **АД МЕПСО,** допис бр. 11-5141/1 од 09.08.2024 година, не известуваат дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

- **Водовод и канализација**

Бидејќи во законски рок немаме добиено податоци од Друштво за комунални услуги ЈКП МИРМБАЈТЈА – Општина Желино, а согласно податоци од инвентаризација на предметниот проектен опфат не постои изведена водоводна мрежа и фекална канализација.

- **Телекомуникациска инфраструктура**

Според Известувањето на **Македонски Телеком АД Скопје**, (допис бр. 64050 од 31.07.2024 година), во граница на планскиот опфат нема постојни МКТ инфраструктура.

- **АЕК – Скопје**

Од АЕК – Скопје, немаме доставен допис со податоци со кои во моментов располага за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

- **Сообраќај**

Предметниот проектен опфат ќе се обезбеди од земјиште кое поминува покрај опфатот (КП. бр. 429) и истиот во Имотен лист бр. 406 е заведен под култура.

- **Гасовод**

Од **АД НОМАГАС – Скопје**, со допис бр. 08-3782/2 од 31.07.2024 немат изградено ниту планирана гасоводна мрежа.

- **Дирекција за заштита и спасување**

Дирекцијата за заштита и спасување, со допис бр. 09-205/1 од 31.07.2024 година, дава податоци, дека не располага со податоци за постоечки и планирани инсталации.

8. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е1.13 – површински соларни фотоволтаични електрани со моќност до 10MW (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП. 432, КО. Долна Лешница – Општина Желино, е работена во согласност со Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23 и

171/24) како и смерници дадени во Услови за планирање со тех. Бр. Y13524 од Мај 2024 и Решение за истите со број УП1-15 1121/2024 од 07.06.2024 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање - Скопје .

Граница на плански опфат: 39519.68 м²
Обиколка: 778.11м'

1.X=7505795.8100 Y=4646128.1000
2.X=7505766.9100 Y=4646153.7400
3.X=7505758.4100 Y=4646161.2100
4.X=7505742.3300 Y=4646177.5400
5.X=7505714.1000 Y=4646197.5800
6.X=7505682.2800 Y=4646208.0300
7.X=7505647.7000 Y=4646202.3800
8.X=7505623.0100 Y=4646190.4700
9.X=7505583.9500 Y=4646161.5500
10.X=7505557.1100 Y=4646140.1800
11.X=7505539.0800 Y=4646109.5700
12.X=7505537.1800 Y=4646102.0400
13.X=7505535.4200 Y=4646087.0800
14.X=7505534.5300 Y=4646047.1200
15.X=7505528.3400 Y=4646014.2600
16.X=7505525.6200 Y=4646000.3100
17.X=7505528.7700 Y=4645982.0700
18.X=7505547.4300 Y=4645981.4400
19.X=7505566.2200 Y=4645985.8900
20.X=7505587.2200 Y=4645998.4900

Во рамките на проектниот опфат влегува следната катастарска парцела на КП.432, КО. Долна Лешница – ОПШТИНА ЖЕЛИНО.

Опфатот е дефиниран со следните граници:
- Од запад граничи со КП. 261, КО. Долна Лешница
- Од север граничи со КП. 213, КО. Долна Лешница
- Од исток граничи со КП. 433, КО. Долна Лешница
- Од југ граничи со КП . 429, КО. Долна Лешница

***Пристапот во парцелата е преку пристапниот (општински) пат

8.1 Градба и основна класа на намена

Во рамките на проектниот опфат, се формира една градежна парцела, во која нема постоечки објекти. За градежната парцела се определуваат услови за градење за градби со класа на намена **Е1- сообраќајна инфраструктура** согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 2019/21, 104/22 и 99/23) и поединечна намена: **Е1.13 – површински соларни фотоволтаични електрани со моќност до 10MW** (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и помошен објект кој ќе биде во функција на основната намена како и објект со намена: **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трансформаторска станица).** На предметниот проектен опфат се предвидува изградба на објект со основна класа на намена:

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и како компатибилна класа на намена:

Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трансформаторска станица).

Намена на површини

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1	Вкупна површина по намени (m)	(%)
(Е1.13) - Соларни фотоволтаични панели и уреди за поврзување на напон	36213.25	91.63%
(Е1.8) - Трансформаторска станица	80.00	0.20%
Помошен објект	40.00	0.10%
Поплочена површина	239.52	0.60%
Паркинг простор	62.50	0.16%
Партерно уредување - зеленило	2885.41	7.31%
ВКУПНА ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	**39519.68**	**100%**

*** Зеленилото пресметано измеѓу панелите е околу 14731.00м² или 37.28%.**

- **Максимална површина за градба** (под објект) во рамки на проектниот опфат:

  За намена Е1.13 – градба 1.1 – **36213.25m²**

  За намена Е1.8 – градба 1.2 – **40.00m²**

  За намена Е1.8 – градба 1.3 – **40.00m²**

  За намена Е1.13 – градба 1.4 – **40.00m²** - помошен објект

Вкупно – 36 333.25m²

- **Вкупна изградена површина** во рамки на проектниот опфат:

  За намена Е1.13 – градба 1.1 – **36213.25m²**

  За намена Е1.8 – градба 1.2 – **40.00m²**

  За намена Е1.8 – градба 1.3 – **40.00m²**

  За намена Е1.13 – градба 1.4 – **40.00m²** - помошен објект

Вкупно – 36 333.25m²

Согласно новите законски прописи, согласно Правилникот за урбанистички планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), класи на намена се со ознака **Е1.13 – површински соларни фотоволтаични електрани со моќност до 10MW** (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и помошен објект кој ќе биде во функција на основната намена како и објект со намена: **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трансформаторска станица).**

Заради флексибилност на проектот, на основните намени во проектот, се дава можност за добивање на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план.

Комплементарни намени се:

- Делови од градежни парцели и делови од градби што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање;
- Зеленило ;
- Делови од парцели или градби што се неоходни за комуналните инфраструктури;
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена;
- Пратечки содржини.

Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Компатибилни класи на намени се определуваат согласно **точка 5.8. член 80, 81 и 83** од Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Усогласеноста на процентуална застапеност на комплементарни намени во планот треба да биде во согласност со одредбите пропишани во Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), и почитување на одредбите дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23 и 171/24).

- За намена: **Е1.13 – површински соларни фотоволтаични електрани со моќност до 10MW** (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), во Урбанистичкиот проект на ниво на зона се дава можност за предвидување на компатибилни класи на намена и тоа:
- **Е1.8–Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трансформаторска станица).**

Застапеност на единечна класа на намена во однос на основната изнесува мах. **20%** од вкупна површина на основна намена.

Застапеност на збир на единечни класи на намена во однос на основната изнесува мах. **20%** од вкупна површина на основна намена.

За потреби на основната намена планиран е помошен објект кој ќе биде во функција на основната намена.

8.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Сообраќаен влез во предметниот проектен опфат ќе се обезбеди од катастарската парцела **КП. 429 (имотен лист бр. 406) која е сопственост на истиот инвеститорот**. Во зависност од начинот на редење на земја на соларни панели, ќе се организира и внатрешен сообраќај.

Нивелманско решение е прикажано со подолжни падови кои се движат во рамките на дозволените за сообраќајница во проектниот опфат.

Паркинг места: За предметниот проектен опфат потребно е да се определи начин на пресметување на неопходниот или потребниот број на паркинг места за секоја единица на градежно земјиште односно за секоја градба според нејзината намена или големина и за секоја наменска зона, и истата да биде планска одредба како задолжителна содржина на У.П. Начин на пресметување за потребен број на паркинг места согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и согласно потребите на инвеститорот.

За проектниот опфат за објекти со намена: **Е1.13 – површински соларни фотоволтаични електрани со моќност до 10MW** (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), како и за компатибилна класа на намена, потребни се 5 (пет) паркинг места.

8.3. Партерно решение со хортикултура

За градежната парцела изработен е предлог на партерно уредување на парцелата. За уредување на зелените површини да се превземат хортикултурни дендролошки мерки за заштита и уредување, врз основа на соодветна техничка документација. Просторот околу фотоволтаичните панели да се уреди со тревната
површина.
Со предлог партерно уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско, средно зеленило и презентирани со информативни податоци за процент на оззеленетост на градежната парцела. Процентот на оззеленетост не смее да биде помал од 20% на ниво на градежната парцела во согласност со одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) Во површина за оззеленување влегува површината на ниско зеленило меѓу редовите на панелите.
За предметната градежна парцела оззеленетоста изнесува **7.31%** од парцелата, околу градежната линија и во процентот не се земени површини кои ќе егзистираат во простори помеѓу панелите. Таа површина ќе биде со ниско зеленило – тревнати површини. Површината планирана за ниско, средно и високо зеленило во рамки на градежната парцела изнесува **2885.41м^2**. Хортикултурното решение на партерот ќе се изработи како прилог на основниот проект.

*** Зеленилото пресметано измеѓу панелите е околу 14731.00м^2 или 37.26%**

8.4. Водови и инсталации на инфраструктура

Водоснабдување

Во однос на водоводната инфраструктура, не се предвидува довод на питка вода. Се предвидува само можност за техничка вода за наводнување на зелените површини како и општи потреби на просторот со идни бушотини.

Електроенергетска инфраструктура

- **Фотоволтаични модули, поврзување во стрингови и полиња**

Во овој проект, за добивање на електрична енергија од сончевата енергија, ќе се користат фотоволтаични модули (модули) со моќност од 610Wp, изработени со монокристални ќелии.

Типичниот изглед и димензии на проектираните PV модули како и нивните електрични и технички параметри дадени се во прилог.
За добивање на одреден еднонасочен напон во рамките на дозволените работни влезни напони на инверторите, повеќе PV модули се поврзуваат во серија и формираат т.н. "стринг".
Секој "стринг" ќе произведува електрична енергија на еднонасочен напон и струја, која со вакви карактеристики не може директно да се пласира до потрошувачите преку постоечката дистрибутивна мрежа, затоа се користат уреди т.н DC/AC инвертори.

- **DC/AC инвертори и електричен развод**

На излезот на секое фотоволтаично поле ќе се произведува електрична енергија на еднонасочен напон и струја. За да може оваа енергија да се дистрибуира до електричните потрошувачи преку дистрибутивната електрична мрежа, потребно е истата да се трансформира во електрична енергија со наизменичен напон и струја. За таа цел секое поле ќе се приклучува на DC/AC инвертор, чија улога е да ја трансформира електричната енергија произведена со еднонасочен напон и струја во електрична енергија со наизменичен напон и струја, со минимални загуби на енергија во самиот инвертор. Со соодветно поврзување на стринговите на еден инвертор ќе се добие еден трофазен наизменичен систем за производство на електрична енергија со одредена моќност. Со групирање на повеќе вакви системи и нивно поврзување со заштитна и прекинувачка опрема, ќе се добие генератор на електрична енергија на низок наизменичен напон со фреквенција од 50 Hz. Во овој проект се предвидени модели на инвертор од производителот HUAWEI, SG125HX истите ги задоволуваат нивоата на заштита и останатите технички стандарди во согласност со EN 62109-1/-2, IEC 62109-1/-2,IEC, 62920, EN 50530, IEC 62116, IEC 60068, IEC 61683, IEC 61727, IEC 62910, P.O. 12.3, RD 1699, RD 661, RD 413, RD 1565, RD 1663, UNE 206007-1, UNE 206006.
Електричните и техничките параметри се дадени во прилог.


Начинот на поврзување на стринговите, инверторите, прекинувачката и заштитната опрема прикажани се во графичкиот дел.
Кабелскиот развод од стринговите до инверторите се изведува со повеќежилен бакарен проводник отпорен на UV - зрачење тип: H1Z2Z2-K 1/1 kV, 1x6mm2 поставен во метални перфорирани кабелски регали. Кабелскиот развод од инверторите до новопроектирана трафостаницата ќе се изведува со кабел од типот NAYY-J 3x95+50mm2. Каблите се поставуваат во кабелски ровови во земја. Начините на полагање на каблите се прикажани и објаснети во графичкиот дел.

- **Автоматска работа, надзор и управување**

Концептот на работа на PV електраната е со автосинхронизирачки стринг трофазни инвертори.
Следење на сите параметри за вкупната произведена електрична енергија, како и другите работни параметри преку софтвер за мониторинг кој е компатибилен со инверторската опрема. Целиот процес има можност за web и мобилна конекција преку апликацијата FusionSolar Smart PV Management System.

- **Заштита од напон на допир, напон на чекор и атмосферски празнења**

За заштита на луѓето од опасен напон на допир и чекор се наложува примена на TN-C-S систем
на заземјување прикажан на Слика 8.




Слика 8. TN-C-S систем

Кај овој систем на заштита неутралната точка на трансформаторот на нисконапонска страна (ѕвездиштето) директно се заземјува на работниот заземјувач. Во овој систем покрај ѕвездиштето на трансформаторот, се заземјени и сите спроводни делови на електричниот уред кои не се под напон но можат да дојдат под напон.

- **Конструкцијата за фотоволтаични модули**

Предвидена е монтажа на модулите на конструкција со агол (15о). Конструкцијата е дизајнирана за прицврстување на 30 модула, два реда по 15 модула,со ова решение едноставно се прилагодуваат потребните должини на редови во согласност наусловите на теренот.Системот е изработен да овозможи брза, едноставна и безбедна монтажа.
Основен модул на конструкцијата
